Совет на Општина Делчево
Број 09-727/2
30.04.2019 година
Д е л ч е в о

ЗАПИСНИК
од одржаната 22.седница на Советот на
Општина Делчево

Седницата се одржа на ден 30.04.2019 година (вторник), во ООУ „Ванчо Прке“-Делчево, со почеток во 14:00 часот.

На седницата присуствуваа 14 членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Сашко Ивановски
3. Дејан Георгиевски
4. Јулија Крстевска
5. Катица Трајкова Тасева
6. Влатко Величковски
7. Вице Стоиловски
8. Кирил Тренчевски
9. Ванчо Велиновски
10. Славица Димитрова
11. Сашко Јовановски
12. Дијана Јосифовски
13. Билјана Ѓеоргиевска
14. Кристи Стојковски

Оправдано отсутен:Николчо Ситновски

Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Советот, Драган Маневски кој за денешната 22.седница на Советот, го предложи следниот

Дневен ред

-Усвојување на Записник од 21.седница

1. Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на Источно-планскиот регион за 2018 година со финансиски извештај со Заклучок за усвојување;
2. Годишен извештај за спроведувањето на Програмата за развој на Центарот за развој на Источно-планскиот регион за 2018 година со финансиски извештај со Заклучок за усвојување;

Образлагач:Претставник на Центарот за развој на Источно-планскиот регион.

3. Предлог-Одлука за усвојување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка;

Образлагач: Владимир Мерзликин-Секретар на Општина Делчево.

4. Предлог-Одлука за давање согласност на Извештајот за работа на ЈПКД „Брегалница“-Делчево за 2018 година;
5. Годишна сметка на ЈПКД „Брегалница“-Делчево за 2018 година со Заклучок за усвојување;

Образлагач: Стојче Стојковски-Директор на ЈПКД „брегалница“-Делчево.

6. Предлог-Одлука за измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2019

година;

Образлгач: Шабан Багашов-Раководител на Секторот за финансии.

7. Предлог-Годишна програма за работата на Општинскиот Совет за безбедноста на сообраќајот на патиштата Делчево со Заклучок за усвојување;
8. Предлог-Одлука за измена на Одлуката за определување на тарифа за обележување, опремување и користење на авто такси станиците во општина Делчево;
9. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на одлуката за уредување на превозот во патниот сообраќај на подрачјето на општина Делчево;

Образлагач: Николина Петровска Мавродиева

10. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградена објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Валентина Новоселска;
11. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградена објект надвор од плански опфат, објект помошен објект зграда бр.1 по барање на Слободан Дамјанов;
12. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградена објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Зоран Калаџиски;
13. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградена објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Хајрие Арсланова;
14. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградена објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Димитрија Вангеловски;
15. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградена објект надвор од плански опфат, објект помошен објект за селско стопанство зграда бр.2 по барање на Ѓорѓи Пеичинов;
16. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградена објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Момчил Николовски;
17. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградена објект надвор од плански опфат, објект помошен објект зграда бр.1 по барање на Момчил Николовски;
18. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградена објект надвор од плански опфат, објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Мирко Пешовски;
19. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградена објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Станко Шиндев;
20. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградена објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда

бр.1 по барање на Цвета Ангеловска;

21. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградени објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Благојчо Илиевски;
22. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградени објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Миле Георгиев;
23. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградени објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.2 по барање на Миле Георгиев;
24. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградени објект надвор од плански опфат, објект помошен објект зграда бр.1 по барање на Душанка Пешиќ;
25. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградени објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Ванчо Јанчевски;
26. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградени објект надвор од плански опфат, објект помошен објект зграда бр.2 по барање на Ванчо Јанчевски;
27. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградени објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Иванка Велиновска;
28. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградени објект надвор од плански опфат, објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Славко Димитров;
29. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградени објект надвор од плански опфат, објект помошен зграда бр.1 по барање на Славко Димитров;
30. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградени објект надвор од плански опфат, објект помошен земјоделски објект за одгледување на кокошки, кози и свињи зграда бр.1 по барање на Перо Лазаревски;
31. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградени објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Николчо Ситновски;
32. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградени објект надвор од плански опфат, објект гаража зграда бр.2 по барање на Николчо Ситновски;
33. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградени објект надвор од плански опфат, објект со намена Г2 зграда бр.1 по барање на Гоце Трајановски;
34. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска

документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, помошен објект во функција на објект со намена Г2 зграда бр.1 по барање на Гоце Трајановски;

35. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Гоце Трајановски;
36. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, помошен објект во зграда бр.2 по барање на Гоце Трајановски;
37. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објект А4 викенд куќа зграда бр.1 по барање на Владимир Миленковски;
38. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објект гаража зграда бр.1 по барање на Милан Анакиев;
39. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објектсо намена В5-црква зграда бр.1 по барање на МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА (МПЦ);
40. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објект А4 викенд куќа зграда бр.1 по барање на Јован Новоселски;
41. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, помошен објект во зграда бр.2 по барање на Јован Новоселски;
42. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат објект помошен објект за земјоделска опрема зграда бр.1 по барање на Анета Илиевска Ѓеорѓиевска;
43. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат станбена куќа зграда бр.5 по барање на Методија Илијев;
44. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објект А4 викенд куќа зграда бр.1 по барање на Дејан Видимлиски;

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред и за збор се јави Сашко Ивановски кој предложи дневниот ред за 22.седница на Советот на Општина Делчево, да биде дополнет со точка-Предлог-Одлука за одземање мандат на членот на Советот Николчо Ситновски којшто е отсутен од седниците на Советот повеќе од трипати и којшто според нивни информации, е во странство и нема намера да се врати.

Претседателот на Советот праша дали советничката група на ВМРО ДПМНЕ има писмени докази дека членот на Советот нема намера да се врати во Делчево? Тој ги цитираше одредбите од Законот за локална самоуправа и Деловникот за работа на Советот според кој-на членот на Советот може да му биде одземен мандатот доколку неоправдано отсуствува на три седници едноподруго. Исто така тој рече дека советничката група на ВМРО ДПМНЕ може да достави предлог до Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања за предлог за одземање на мандатот на Николчо Ситновски. Проблемот е во

недореченоста на законските одредби кои се однесуваат на ова прашања, т.е. никаде не е дефинирано што е оправдвано, а што не е оправдано отсуство. Секое отсуство од седница на Совет се најавува кај претседателот на Советот, и мене како на претседател на Советот не ми останува ништо друго, освен да констатирам дека некој член на Советот (доколку го најавил своето отсуство) е оправдано отсутен или доколку не го најавил, дека е неоправдано отсутен. Во конкретниов случај, за оваа седница имам добиено е-маил и порака дека Н.Ситновски не е во можност да присуствува на оваа седница, на минатата седница немав никакво известување и неговото отсуство на 21.седница е забележено како неоправдано, рече Д.Маневски.

Славица Димитрова праша дали во Законот за локална самоуправа, Статутот и Деловникот е дефинирано што е оправдано, а што не е оправдано отсуство?

Претседателот на Советот рече дека во Законот, Статутот и Деловникот не е дефинирано што е оправдано, а што е неоправдано отсуство. Сите вие кога сте барале да бидете отсутни од седница на Совет само сте го пријавувале вашето отсуство и не сте доставувале ниаков писмен документ, јас како претседател на Совет не сум истражен орган и да испитувам дали некој има било каков доказ за отсуство или не. Во врска со ова прашање сум се консултирал и со други мои колеги (претседатели на Совет), секаде е исто, јас само ги спроведувам законските одредви во врска со ова прашање и не постапувам незаконски,рече претседателот на Советот на Општина Делчево, Драган Маневски.

Сашко Ивановски рече дека во овој случај има простор претседателот на Советот субјективно да цени дали некое отсуство е оправдано или не.

Кирил Тренчевски рече дека законот е дециден, таму пишува во кои случаи се одзема мандат на член на Совет и нема потреба да се комплицираат работите.

Градоначалникот на Општина Делчево рече дека доколку советниците од ВМРО ДПМНЕ имаат дилема или недоверба во толкувањето и примената на законските одредби од страна на претседателот на советот, можат да побараат автентично толкување на тие одредби.

Билјана Ѓеорѓиевска рече дека точно е оти некои советници некогаш биле отсутни на некоја седница и за отсуството го известиле претседателот на Советот, но овој случај е специфичен бидејќи колегата навистина не е тука туку во странство, рече таа.

Славица Димитрова праша дали доколку советничката група на ВМРО ДПМНЕ поднесе предлог, претседателот на Советот и Градоначалникот ќе поднесат барање за автентично толкување до надлежната комисија при Собранието на РСМ, на што од страна на претседателот на Советот ѝ беше одговорено позитивно.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и на гласање беше ставен дневниот ред.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред за 22.седница.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 21.седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и на гласање беше ставен Записникот од 21.седница.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 21.седница.

**Прва точка-Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на Источно-планскиот регион за 2018 година со финансиски извештај со Заклучок за усвојување;**

Точката ја образложи претставник на Центарот за развој на Источно-планскиот регион, која рече дека во 2018 година ЦИПР до Министерството за локална самоуправа-Биро за регионален развој поднел 4 предлог-проекти за реализација во 2018 година со продолжителност во 2019, межу кои е и пешачкиот мост во Делчево во вредност од 8.182.447,00 денари. Исто така, ЦИПР, аплицирал и се одобрени 2 проекти во рамките на ИНТЕРЕГ (ИПА) Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Бугарија 2014-2020, а за 1 проект обезбеди техничка помош за подготовка и поднесување и истите се во фаза на евалуација. Во Извештајот на страна 9 можете да видите табела на проекти финансирани од меѓународни извори на финансирање. Вкупниот буџет на средства предвидени

за подобрување на развојот во рамките на планските региони изнесува 6.274.036,00 денари кои ќе бидат наменети за реализација на активности поврзани со организација на регипнални форуми, поддршка на регионален инфраструктурен проект, организација на меѓународна конференција и за подготовка на Програмата за развој на ЦИПР, доколку имате некои прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на **Годишниот извештај за работењето на Центарот за развој на Источно-планскиот регион за 2018 година со финансиски извештај.**

**Втора точка-Годишен извештај за спроведувањето на Програмата за развој на Центарот за развој на Источно-планскиот регион за 2018 година со финансиски извештај со Заклучок за усвојување;**

И оваа точка ја образложи Претставник на Центарот за развој на Источно-планскиот регион во образложениeто за претходната точка.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на **Годишниот извештај за спроведувањето на Програмата за развој на Центарот за развој на Источно-планскиот регион за 2018 година со финансиски извештај**

**Трета точка-Предлог-Одлука за усвојување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка;**

Образлагач по оваа точка беше Владимир Мерзликин-Секретар на Општина Делчево кој рече дека со оваа Одлука продолжувадореализацијата на деценискиот процес за отворање современа регионална депонија на двата региони. Формирањето на јавното претпријатие, значи дека тоа ќе биде краен корисник на проектот што е и предуслов за искористување на грант-средствата со што се отвора процесот за формирање на регионалната депонија во Мечкуевци, Општина Свети Николе. Согласно со законските одредби, општините го усвојуваат Предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработка поднесен од градоначалникот на Општина Куманово, а усвоен од Советот на Општина Куманово, како најголема општина во двата региони, а водено и иницијатор за отпочнување на меѓуопштинската соработка која е доставена на усвојување до сите 17 општини од двата региони, истакна Мерзликин.

Процесот го координира Министерството за животна средина и просторно планирање сè до конечното воспоставување на системот за интегрирано управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион и Општина Свети Николе, а кој ќе биде финансиран од ИПА 2 од Секторската оперативна програма за животна средина за програмскиот период 2014-2020 г.

Претседателот отвори расправа по оваа точка. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за усвојување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка;

**Четврта точка-Предлог-Одлука за давање согласност на Извештајот за работа на ЈПКД „Брегалница“-Делчево за 2018 година;**

Оваа точка ја образложи директорот на ЈПКД „Брегалница“-Делчево кој рече дека овој Извештај ги содржи сите активности кои биле преземени со програмата за работа во 2018 година и во извештајот се дадени по работни единици. Во 2018 година до домаќинствата и правните лица се фактурирани 549.053м3 вода, од кои 91% отпаѓаат на домаќинствата, а 9 % на правните лица. Во 2018 година преку јавниот канализационен систем се одведени и фактурирани вкупно 472.159 м3 урбани отпадни води од домаќинствата или 91%, а од правните лица 53.510 м3 или 10%. Отклонети се 46 дефекти на главни

водоводни линии во Делчево и селските населби, извршени се вкупно 60 интервенции на разводна мрежа и се отстранети 140 дефекти на приватни приклучоци на вода. Извршена е замена на 147 неисправни водомери, 41 нови приклучувања на нови потрошувачи, санирани се 20 канализациони шахти, како и отпишување на 25 запишени канализациони главни линии. Во 2018 година, покрај овите редовни активности, извршена е реконструкција на потисен цевковод во с. Габрово со должина од 800м1, изградена е нова фекална канализација во населба Пролет, потоа во населба СРЦ. Извршена е санација на водоводна инсталација на бунарски ситем со Филтер станица во с. Тработивиште, монтирана е времена водоводна линија во населба СРЦ и др.

Градежната група во 2018 година ги извршила следните активности: изградба на пристапна патека со бекатон плочки помеѓу Пошта и зграда на ул. „М.М.Брицо“ со површина од 14,4 м2, изградена е пристапна улица во Ново Делчево со површина од 110м2, извршено е проширување на улица со бекатон плочки во Трети реон со површина од 22м2 и поставени се тротоарски рабници во должина од 18м1. Подигнати се и нивелирани шахти на ул. „Питу Гули“, санирани се 2 канализациони шахти на ул. „Илинденска“со поставување на нови метални капаци, извршна е дислокација на колектор за отпадни води од лева страна на р.Брегалница, изградена е атмосферска канализација во населба „Пролет“ Ф200 во должина од 42 метри.

Секторот за комунална хигиена и механизација во 2018 година го собираше комуналниот отпад со 3 специјални возила и 2 трактори. Во 2018 година се собрани 5.160 тони отпад или 430 тони месечно. Комунален отпад се собира ид Граничен премин, на локалитет Баткова чешма и на Голак. Во 2018 година во неколку наврати ЈПКД „Брегалница“ извршила чистење на повеќе диви депонии, како и чистење на депонијата „Острец“ и санирање на патот до депонијата кој многу често се оштетува од поројни дождови

Во 2018 година редовно се вршело рачно и машинско косење на тревата на сите зелени јавни површини и во градските паркови, засадени се 1800 парчиња на цвеќе, извршена е поправка и фарбање на парковски клупи и реквизити, извршено е метење на улици и јавни површини, кастрење на зимзелени дрва и гранки, заменети се околу 370 дотраени флукомпактибилни улични светилки и 350 натриумови светилки и се пуштени нови лини за улично осветлување во Разловци, Вирче, Габрово, Пролет и Басарица. Поставени се нови улични светилки на повеќе локации низ градот, во паркот кај езерцата и кај новата црква.

Во склоп на овој Извештај е и Извештајот за финансиското работење на ЈПКД „Брегалница“, она што сакам да го истакнам е дека во 2018 година, ЈПКД „Брегалница“ оствари позитивен финансиски резултат во износ од 321.014 денари и дека е набавена нова машина ровокопач која 35% е веќе отплатена, истакна на крајот директорот на ЈПКД „Брегалница“, Стојче Стојковски. Вкупните обврски по основ на долг и затезни камати изнесува 7.870.764,00 денари, од кои долг кон УЈП 5.547.918,00 денари.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Славица Димитрова која праша дали игралиштата во населба „Милково Брдо“ кои се во надлежност на ЈПКД „Брегалница“ ќе бидат санирани и ќе бидат извршени потребни поправки и дали истите ќе бидат заштитени од понатамошни уништувања, комуналниот инспектор да преземе нешто за да се стопира тоа?

Стојче Стојковски истакна дека секако оти и тие игралишта се во надлежност на ЈПКД „Брегалница“, но во 2018 година таму не се извршени поправки и затоа не се спомнати во извештајот.

Кирил Тренчевски рече дека на детските игралишта во Милково Брдо екипи од ЈПКД „Брегалница“ биле на лице место, утврдени се сите дефекти и во најскоро време сите ќе бидат отстранети.

Ванчо Велиновски праша за дивата депонијата која се наоѓа во близина на Манастирски ендек, што е преземено и што ќе биде преземено во иднина за долгорочно решавање на овој проблем бидејќи

таму постојано има отпад?

Директорот на ЈПКД „Брегалница“ рече дека проблемот ќе биде решен во најскоро време и дека интенција на ЈП е да се поставаат канти, бидејќи праксата покажува дека секаде каде што имало контејнери се правеле мини депонии?

Билјана Ѓеоргивска рече дека таму е проблем пристапот и конфигурацијата на теренот, не може да влезе возилото за смет, можеби кантите би буле решение, но исто така, и комуналната инспекција треба почесто да биде присутна на терен и да ги санкционира несовесните граѓани, и таму у насекаде низ градот. Таа исто така го праша директорот дали сите 3 возила за собирање на отпад се во исправна/возна состојба?

Директорот рече дека до декември месец сите возила биле во исправна состојба, но потоа едното возило се расипало, а за неговата поправка биле потребни големи средства кои не биле предвидени во Планот за јавни набавки и од тие причини возилото не било поправено.

Градоначалникот на Општина Делчево рече дека е добро тоа што околу овој Извештај има дебата, прашања и предлози од сите членови на Совет и од опозицијата, но би било добро, покрај тоа што се интересираат за расипаните клупи и лулашки, да прашаат во врска со долгот што ЈП го наследи од претходните директори на ЈПКД „Брегалница“ и нивното недомаќинско работење. Недомаќинското работење на претходните гарнитури на ЈПКД „Брегалница“ и долгот што е наследен оневозможуваат ова претпријатие да набави нови возила за смет и друга опрема, но благодарение на сегашната раководна поставa, долготе се сервисира, ратите се плаќаат редовно и е набавена нова машина-ровокопач која веќе е 35% отплатена. Во иднина ќе се набават исто така и други машини и опрема, се со цел ова претпријатие да застане на здрави нозе и да може да дава подобри услуги на граѓаните, рече градоначалникот на Општина Деллчево.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 5 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево ја донесе **Одлуката за давање согласност на Извештајот за работа на ЈПКД „Брегалница“-Делчево за 2018 година**

**Петта точка-Годишна сметка на ЈПКД „Брегалница“-Делчево за 2018 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Марија Сумрачка-сметководител на ЈПКД „Брегалница“-Делчево која рече дека Годишната сметка на ЈПКД е подготвена согласно меѓународните стандарси за финансиско известување кои се применуваат во Р.Македонија. Таа е поединечна, а валутата е МКД денар. Приоритетна дејност на извршување според националната класификација на дејности е 36.00-Собирање, прочистување и дистрибуција на вода за пиење. Просечниот број на вработени заклучно 31.12.2018 година е 81 во редовен работен однос. Во 2018 година ЈПКД „Брегалница“ оствари позитивен финансиски резултат во износ од 321.014,00 денари (нето добивка по оданочување). Од извештајот може да се вид дека вкупните приходи во 2018 година се остварени во износ 40.528.422 и споредено со 2017 гоидна бележат благ пад (41.569.592,00 денари). Најголем пад на приходите има кај приходи од потрошувачка на вода речиси 1 милион денари, потоа кај приходи од приклучок на водовод за 200.000 денари, приходи од водомери за 450.000 денари. Што се однесува до расходите и тие бележат благ пад 39.546.381 во 2018 година, наспроти 39.975.991 во 2017 година. Трошоците се зголемени на ставките 419 и 420 ои се однесуваат на платите на вработените, доколку имате прашања, повелете, рече Марија Сумрачка.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 5 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишната сметка на ЈПКД „Брегалница“-Делчево за 2018 година.

**Шеста точка-Предлог-Одлука за измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2019 година;**

Образлгач по оваа точка Шабан Багашов-Раководител на Секторот за финансии кој рече дека оваа Одлука се однесува на измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2019 година со која се намалуваат средствата во Буџетот предвидени за плати на вработени, а се зголемуваат кај привремени вработувања, од причини што дел од привремено вработените досега требаше да бидат вработени на неопределено време, но заради изборите сите постапки за вработувања беа стопирани и затоа сега се јавува потреба од средства на ставката за привремени вработувања. Другата измена е на ставката купување опрема, градоначалникот сака да купи озвучување кое ќе биде сопственист на општината бидејќи според пресметките Општината  троши околу 100.000 денари за озвучување за наши потреби.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 5 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2019 година;

**Седма точка Предлог-Годишна програма за работата на Општинскиот Совет за безбедноста на сообраќајот на патиштата Делчево.**

